РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIU
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕ
УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUD
AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 02-12
31.01.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, а во врска со член 41 и член 42 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), член 95 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија", бр.124/15) и член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 г. и Барањето за поднесување барање за давање на автентично толкување на закон, наш арх.бр.03-482/1 од 31.01.2025 г., постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.02-12 од 29.01.2025 г., а согласно Заклучокот, арх.бр.02-365/4 од 30.01.2025 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 3-та седница одржана на 29.01.2025 г. донесе

## РЕШЕНИЕ

1. СЕ ПРЕКИНУВА постапката по повод Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје УП1 бр.0204-74 од 23.02.2024 г. со дополнување од 29.02.2024 г. и од 15.03.2024 г. и Одлуката на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) Уп1 бр.02-74 од 21.03.2024 г. со која се дозволува промена во сопственичката структура на радиодифузерот.

2. Прекинот на постапката од точка 1 на ова Решение, трае додека надлежниот орган – Собранието на Република Северна Македонија не го реши претходното прашање - давање на автентично толкување на членот 42 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - Поништување на одлука со која се дозволува спроведување на промена во сопственичка структура.

3. Ова решение е конечно, влегува во сила со денот на неговото донесување и се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

### О б р а з л о ж е н и е

По повод Известување за промена на сопственичка структура на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје УП1 бр.0204-74 од 23.02.2024 г. со дополнување од 29.02.2024 г. и од 15.03.2024 г., Советот на Агенцијата на првото продолжение на 9-та седница одржано на 20.03.2024 г., постапувајќи по Предлог на Директорот на Агенцијата Уп1 бр.0204-74 од 08.03.2024 г. со дополнување од 19.03.2024 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-1265/4 од 20.03.2024 г., донесе Одлука Уп1 бр.02-74 од 21.03.2024 г. со која се дозволи промена во сопственичката структура на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, и тоа: за истапување на правното лице Акционерско друштво ТВ Клан, со ЕМБС Ј71413001Л и адреса на ул.„Александер Моисиу" бр. 97, Тирана, Република Албанија и за пристапување на физичкото лице Фатон Шоши, со ЕМБГ 1170784983, број на патна исправа П00936259 и адреса на ул.„Сулејмон Вокши" бр. А1/Л1,

Приштина, Република Косово. Со предметната одлука се задолжи ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, по извршената промена до Агенцијата да достави актуелна тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија (ЦРРСМ).

По донесување на погорецитираната одлука, Агенцијата во неколку наврати, преку Интернет дистрибутивниот систем на ЦРРСМ, изврши увид во податоците од тековната состојба на радиодифузерот - ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, при што констатираше дека одобрената промена во сопственичката структура не е реализирана и покрај тоа што од донесувањето на Одлуката Уп1 бр.02-74 од 21.03.2024 г. со која се дозволи промена во сопственичката структура измина подолг временски период (10 месеци).

Фактот дека и по изминувањето подолг временски период (10 месеци), радиодифузерот до Агенцијата не достави документација од која што ќе може да се констатира дека промената во сопственичката структура е реализирана, упати на тоа дека радиодифузерот нема намера да ја изврши предметната одлука. Поради тоа, беа разгледани можностите за поништување на одлуката со која се дозволи промената на сопственичката структура кои се пропишани во членот 42 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ).

Согласно цитираниот член, Агенцијата со одлука ќе ја поништи одлуката со која дозволила спроведување на промена во сопственичката структура ако таа одлука е донесена врз основа на неточни и/или нецелосни податоци за кои е одговорен радиодифузерот или истите се добиени по пат на измама, а имале одлучувачко влијание врз донесување на одлуката. Со одлуката од ставот (1) на овој член, Агенцијата: - ја поништува одлуката со која го дозволила спроведувањето на промената во сопственичката структура, - утврдува дека со предложените промени на сопственичката структура би се создала недозволена медиумска концентрација, односно дека истите се спротивни на забраната од од членовите 34, 35 став (2) или 38 од овој закон и - му наложува на радиодифузерот во рок кој не може да биде пократок од 30 дена и не подолг од 90 дена од денот на приемот на одлуката од ставот (1) на овој член, да ја усогласи својата сопственичка структура со одредбите од овој закон. Агенцијата може да донесе одлука согласно со ставот (1) на овој член, без притоа да биде ограничен со роковите определени во членот 41 од овој закон. Доколку радиодифузерот не постапи во согласност со одлуката од ставот (1) на овој член Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување на начин и по постапка утврдени со овој закон.

Оттука, во членот 42 став 1 од ЗАВМУ нема основ за поништување на одлука со која се дозволува промена во сопственичка структура доколку радиодифузерот не ја спроведе промената односно не ја изврши одлуката.

Со оглед на тоа, беа разгледани и основите за огласување на предметната одлука за ништовна, односно за нејзино поништување согласно член 124 од Законот за општата управна постапка – ЗОУП (Огласување на управен акт за ништовен), меѓутоа во ниту еден од овие основи не може да се подведе случајот со неизвршувањето од страна на странката (радиодифузерот) на Одлуката Уп1 бр.02-74 од 21.03.2024 г. со која се дозволи промена во сопственичката структура на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје.

Во врска со наведеното, се утврди потреба за барање автентично толкување на членот 42 став 1 од ЗАВМУ од Собранието на РСМ поднесено, преку Владата на РСМ, во смисла: Дали доставени податоци од радиодифузер пред шест месеци или повеќе, врз основа на кои е донесена одлука со која се дозволува промена во сопственичка структура на радиодифузер, која истиот не ја реализирал, можат да се сметаат за точни и/или целосни во смисла на член 42 став 1 од ЗАВМУ, или истите со истекот на периодот од шест месеци или повеќе станале неточни и/или

нецелосни, што е основ за поништување на донесена одлука со која се дозволува промена во сопственичка структура на радиодифузер?.

Намерата е со добиеното автентично толкување да се обезбеди толкување на спорниот член 42 став 1 од ЗАВМУ, кое би можело да се применува при евентуални идни слични случаи.

По повод тоа, Директорот на Агенцијата до Советот на Агенцијата достави Предлог Уп1 бр.02-12 од 29.01.2025 г. за прекинување на постапката до решавање на претходното прашање.

Агенцијата на 31.01.2025 г. до Владата на Република Северна Македонија поднесе Барање за поднесување барање за давање на автентично толкување на закон (наш арх.бр.03-482/1 од 31.01.2025 г.).

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, а во врска со член 41 и член 42 став 1 од ЗАВМУ, член 95 од ЗОУП и член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 15 од Деловникот за работа на Агенцијата и Барањето за поднесување барање за давање на автентично толкување на закон, наш арх.бр.03-482/1 од 31.01.2025 г., постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.02-12 од 29.01.2025 г., а согласно Заклучокот, арх.бр.02-365/4 од 30.01.2025 г., Советот на Агенцијата, на 3-та седница одржана на 29.01.2025 г. донесе решение со кое се прекинува постапката по повод Известувањето за промена на сопственичка структура на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје УП1 бр.0204-74 од 23.02.2024 г. со дополнување од 29.02.2024 г. и од 15.03.2024 г. и Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.02-74 од 21.03.2024 г. со која се дозволува промена во сопственичката структура на радиодифузерот. Прекинот на постапката од точка 1 на ова Решение, трае додека надлежниот орган – Собранието на РСМ не го реши претходното прашање - давање автентично толкување на членот 42 став 1 од ЗАВМУ - Поништување на одлука со која се дозволува спроведување на промена во сопственичка структура.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно, а против истото може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

_________________________
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1.